# Living the Lotus

## Buddhism in Everyday Life

1
2023
VOL. 208




Living the Lotus
Vol. 208 (Јануари 2023)

Објавено од Ришо Косеи Каи
Фумон Медиа Центер, 2-7-1 Вада,
Сугинами-Ку, Токио, 166-8537 Јапонија
Тел: +81-3-5341-1124
Факс: +81-3-5341-1124
Имејл: living.the.lotus.rk-international
@kosei-kai.or.jp
Сениор Едитор: Кеиицх Акагава
Едитор: Сачи Микава
Цопс Едитор: Александар Димовски
Уредувачкиот тим на Меѓународното
Ришо Косеи Каи

Ришо Косеи Каи е световна Будистичка организација чија света списа е Тројната Лотос Сутра. Таа била создадена од Основачот Никјо Нивано и Ко-основачот Мјоко Наганума во 1938. Оваа организација е составена од обични луѓе и Жени кои имаат верба во Будата и стремат да ја збогатат нивната духовност преку примена на неговите учења во секојдневниот живот. И во локалните заедници и на меѓународно ниво, ние, под водството на Претседателот Ничико Нивано сме многу активни во промовирање на мир и благосостојба преку алтруистички активности и соработка со други организации.

Насловот на овој билтен, Живеејќи го Лотосот- Будизам во секојдневниот живот, ја пренесува нашата надеж за стремење кон практикување на учењата на Лотос Сутрата во секојдневниот живот во несовршен свет за да ги збогатиме и направиме нашите животи повредни за живеење, како што убавите лотосови цвеќиња цветаат во калливо езерце. Овој билтен има за цел да им помогне на луѓето насекаде во светот да го применат Будизмот полесно во нивните секојдневни животи.



# Здравјето е најголемата придобивка

Поч. Ничико Нивано
Претседател, Ришо Косеи-каи

## Ние сме секогаш здрави и енергични

Првиот ден на годината, први Јануари, е наречен ганјитсу (元日) во Јапонија. Карактерот ган (元) од ганјитсу има три значења Ђ дпотекло,е дпочеток,е и дтоталност.е Ние сите можеме да се согласиме тогаш на важноста на навиката на размислување како да се почне годината пред нас, одлучувајќи на план за тоа како ние се надеваме да ја живееме оваа година, и да изградиме духовна база за тоа. Каков вид на аспирации вие сите негувате за 2023?

Размислувајќи за минатите неколку години, кои беа натоварени со тага и многу страдања како што се ширењето на КОВИД-19 пандемијата, Руската инвазија на Украина, природни катастрофи, и атентатот на претходниот премиер Шинзо Абе, јас се надевам дека ние сите ќе ја употребиме нашата генијалност да ја направиме 2023 особено здрава и енергична година.

Вие можете да се прашувате зошто јас кажувам такво нешто, но фактички, Јапанскиот збор генки (元気) , значи дбиди доброе и денергичен,е има подлабоко мислење отколку нашата вообичаена употреба на тоа: Во Јапонскиот збор генки (元気) , карактерот за дгене е истиот како дгане од ганјитсу (元日) , опишан погоре.

Според Масахиро Јасуока (1898-1983), голем научник на Источната философија, ки од генки значи двитална енергијае, што исто така означува дпотеклото на сите живи битија во универзумот.е Од оваа перспектива, ние можеме да видиме дека потеклото на сите нешта, вклучувајќи ги човечките битија, се прелева со витална енергија и тоа е зошто, со нашата права природа, ние ја поседуваме егзистенцијата која е здрава и енергична.

Свртувајќи се кон Конфучијанската мисла, И Чинг (Книгата на Промени) нѐ подучува нас дека движењето на небесата Ђ што е, силата на природата Ђ има одржано ред и хармонија во постојана состојба на здравје откако универзумот почнал без никогаш да сопре. Ова значи дека нашите тела и умови, кои се едно со природата, примаат благослови од природата и се вродено здрави.

## Бодисатва практиките се здрави практики

Во Дамападата, Шакјамуни вели, дЗдравјето е најголема придобивка.е Се додека сме живи, ние сакаме да бидеме здрави, и затоа кога ние ги слушаме овие зборови, како што се кажани од Шакјамуни - човечко битие, исто како нас Ђ ние се чувствуваме многу блиски до него.

Сепак, Шакјамуни продолжува со кажувањето дека дЗадоволството е најголемо богатство, вербата е најголем пријател, и нирвана (згаснувањето на алчноста, лутината и незнаењето) е најголемата радост.е Да го повторам тоа што го реков претходно, ние сите сме вродено обдарени со здраво тело и мирен ум. Но јас ги интерпретирам овие зборови на Будата како лекција за нас: со цел да ги ставиме нашите тела и умови во најдобра употреба, важно е да ние знаеме како да бидеме задоволни со било што кое е доволно, добро да се сложуваме со луѓето околу нас, и да не бидеме занишани со алчност, лутина, или од нашите само-усмерени умови.

Природно е дека секој се разболува и остарува, и затоа да се биде здрав не значи само да се нема болести или проблем со телесните функции. Шакјамуни нѐ подучува нас дека имањето благодарност за постоењето и водењето хармоничен живот со мир на умот се најголеми придобивки за човечките битија; ова е значењето на тоа вистински да се биде здрав.

Како што имам речено претходно, за нас членовите на Ришо Косеи-каи, доброто здравје значи дека ние ги водиме нашите животи на начин кој демонстрира дека ние живееме со надеж -колку што е можно во овој свет Ђ дека страдањата ќе се намалат и дека среќ ата ќе се зголеми. Кога ние ја применуваме оваа идеа во реалноста, бодисатва практиките на Шесте Парамити кои ние ги изведуваме додека сме обзирни кон другите се важен дел од нашата секојдневна ревност и, во истото време, се ништо повеќе отколку дпрактикување добро здравјее на начин кој ја ревитализира нашата сопствена вродена благосостојба и енергија додека исто така обезбедува за другите луѓе благосостојба и енергија.

(Од *Косеи*, Јануари 2023)

# Вовед кон Ришо Косеи-каи преку стрипови

## Животот на Шакјамуни Буда и учењата на Будизмот

### Гледајќи го светот на исправен начин: Исправен поглед

Нашите животи не се само забава; тие се исто исполнети со борби и тешкотии. Четирите Племенити Вистини го подучуваат патот кон решение.

Но, како точно треба ние да практикуваме? Едно од учењата кои нè водат нас кон конкретно практикување е Осумкратниот Пат: исправен поглед, исправна мисла, исправен говор, исправно дело, исправно заработување, исправен напор, исправна свесност, и исправна концентрација.

Зборот дисправное значи да се биде во согласност со погледот на Будата.

дИсправен поглед,е кој доаѓа прв во Осумкратниот Пат, значи да се гледаат нештата исправно без само-усмереност или пристрасност.

Примерот е следниот: Вие имате соученик, А, за кој има гласини дека е груб, и затоа вие не се приближувате до него. Сепак, кога вие станете пријатели со него, вие откривате дека тој е весел и љубезен. Јас сум сигурен дека секој имал слично искуство.

Овој пример покажува дека ако вие го имавте променето погледот кој го имавте пред да станете пријатели со А и го гледавте него исправно, вие ќе го осознаевте неговиот вистински карактер порано.

дИсправен погледе исто значи да се слуша исправно.




* Секоја репродукција или реобјавување на оваа содржина е забранета освен репродукции за лична, некомерцијална, и информативна употреба.

## Мислејќи широко-умно: Исправна мисла







Исправна мисла значи правилно да се обработува тоа што гледате и слушате, согласно на ситуацијата која ја сретнувате, без некаква наклонетост со предрасуда кон вашата сопствена гледна точка. Тоа повлекува отфрлање на алчност или себични желби кои се водени од лична корист и само-усмереност.

Тие кои инсистираат на нивните сопствени идеи и ги игнорираат гласовите на другите неможе да се сметаат за практикувачи на исправна мисла.

Важно е да го слушате мислењето на вашите пријатели, родители, учители, и старешини, и секогаш да проверувате дали вашето сопствено мислење е исправно или не.

# Живеејќи со стремеж

## Патот за среќата за сите

Поч. Никјо Новано
Основачот, Ришо Косеи-каи




Почнувајќи од овој месец, ние серијализираме преведени секции од *Бодаи но ме о окоса шиму* (Ретење на семињата на будење), кое е првата книга од колекција на селектирани месечни Дарма разговори на Основачот Нивано од Јануари, 1989, до Ноември, 1998.

Никјо Новано, основачот на Ришо Косеи Ђ каи, бил роден во Ниигата Областа, Јапонија, во 1906. Долгогодишен адвокат на соработка и дијалог помеѓу светските религиозни вери, Поч. Нивано промовирал меѓурелигиозно разбирање како почесен претседавач на Шиншурен (Федерација на Нови Религиозни Организации на Јапонија), почесен претседавач на Религиите за Мир, и во различни други капацитети. Тој е автор на неколку книги за Будизам, Лотос Сутрата, духовноста, какви што се Будизам за Денешно време, Животен Почетник, Будизам за секојдневниот живот, и повеќе. Поч. Нивано преминал во 1999 на возраст од 92.

дЖивеејќи со стремеже значи да се живее вашиот живот со негување на идеали. Јас верувам дека универзалниот идеал кој човештвото го дели е желбата да се стреми по патот во животот кој може да им помогне на сите луѓе да најдат среќа. Овој пат е тоа што Будистите го нарекуваат стремеж да се биде корисен за другите, кој се исполнува со живеење на нечиј живот во корист на светот и неговите луѓе.

Ние никогаш не ги реализираме нашите стремежи ако ние само имаме нејасно чувство за нив. Ние не смееме да стремиме нејасно, туку со емпатија, и не само попатно, туку постојано. Да се стреми со емпатија на овој начин е тоа што е наречено дсвесност за сопствените стремежие или дчувајќи ги нашите стремежи на ум.е

И ако вие имате стремеж, вие морате најпрво од се да го изразите тоа во дело. Без изразување на тоа во дело, без оглед колку сте свесни за вашите стремежи, вие ќе завршите со залуден стремеж. Преку манифестирање на тоа во дело, стремежот кој личноста го чува на ум станува светло кое го осветлува нивниот агол на светот.

Ден по ден, многу нешта се случуваат во нашите животи. Кога нашите умови се заробени од нештата што се случуваат околу нас, ние имаме тенденција да одиме лево-десно на нашата патека, и ние можеме да ги изгубиме нашите лежи шта. И силата на нашето самоуверено исчекорување ќе стане зголемено моќно со секој чекор кој го правиме.

Кога јас бев млад, луѓето често зборуваа за дстремежи,е и изреката на сечии усни беше дМлад човек кој развива стремеж го напушта неговото родно место, и освен ако не го комплетира неговото образование, тој никогаш нема да се врати, додека е жив.е

Но мене ме тагува да гледам дека иако денеска луѓето имаат желба повеќе од било кога да направат нешто од нив, тие имаат заборавено да имаат стремежи попатно. Таму може да постојат луѓе кои ги прикриваат нивните стремежи внатре во нивните срца, и јас се надевам дека тие ќе ги манифестираат нивните стремежи кои се содржината на нивните срца.

Се чини дека луѓето постепено стануваат отуѓени од само-почит и доблест сега така да зборот дстремеже е исфрлен од употреба. Во нашите срца, ние сите треба да сакаме да ги усмериме нашите погледи високо.

Во спротивно, ние ќе завршиме со брз компромис со реалноста на светот, сакајќи да избегнеме тешки нешта, и префрлувајќи се на неоптоварен начин на живот.

Идеалот не е нешто кое носи вредност само кога тоа е целосно реализирано. Најважното нешто е почетниот чекор кој вие го правите кон вашиот идеал. Тоа е таму каде што реализацијата на вашиот идеал почнува.






# A Global Buddhist Movement




Information about local Dharma centers

facebook

twitter

✉ Ние ги сметаме за добродојдени коментарите на нашиот билтен Живеејќи го Лотосот : [living.the.lotus.rk-international@kosei-kai.or.jp](mailto:living.the.lotus.rk-international@kosei-kai.or.jp)